## Анализа на финансиските резултати на НЛБ Банка АД Скопје за периодот 01.01 – 31.12.2022 година

Во периодот од 1.1.2022 до 31.12.2022 година, НЛБ Банка АД Скопје работеше согласно усвоената Деловна политика на Банката за 2022-та година.

Во анализираниот период, Банката оствари нето добивка во износ од 2.433.910 илјади МКД, што претставува зголемување за 9,7% во однос на остварената нето – добивка истиот период претходната година. Зголемувањето се должи на континуирани продажни активности на кредитните продукти со особен фокус кај домаќинствата, микро, малите и средни претпријатија и зголемен број на корисници на платните сервиси на Банката. Во извештајниот период Банката склучи нов договор со ЕБОР за кредитна линија од програмата за финансирање "Зелена енергија" која е наменета за инвестиции на домаќинствата во енергетската ефикасност. НЛБ Банка во своето портфолио воведе и нови „Зелени" кредитни продукти наменети за физички лица, со кои се стимулира купување на недвижности со енергетска лиценца, подобрување на енергетската ефикасност на постоечките објекти и инвестирање во еколошки транспорт и е-мобилност, со што се придонесува кон намалување на загадувањето на животната средина, емисиите на стакленички гасови во воздухот и одржлив развој.

Во втората половина од 2022 година, НЛБ Банка Скопје најави ново поглавје во своето работење, вложување во придружено друштво НЛБ ЛИЗ & ГО ДОО Скопје. Банката учествува во основната главнина на Друштвото со паричен влог што одговара на 49% од вкупниот основачки капитал на друштвото, заедно со NLB Lease&Go, д.о.о. Љубљана. Со ова Банката и понатаму ја проширува понудата на финансиски услуги на сите физички лица и компаниии на кои им се потребни лизинг производи.

Во првиот квартал од 2022 година, првиот банкарски електронски асистент НЕЛА на НЛБ Банка беше наградена со второ место во категоријата „Најдобра автоматизирана алатка чет бот" од - Порталот „Сајт на годината 2021" Скопје. Во вториот квартал од 2022 година НЛБ Банка доби национална награда во организација на Министерството за економија на Република Северна Македонија за општествена – одговорност и признание за најинвентивна практика за проектот „НЛБ Рамка за помош". Во третиот квартал од 2022 година НЛБ Банка ја доби наградата „Најдобра банка во Македонија за 2021 година" што ја доделува реномираниот магазин EMEA Finance, како и дополнителни пет награди во најновото годишно рангирање на магазинот „Finance Central Europe" во категориите: вкупна актива, големина на капитал, бруто-добивка, повраt на актива и поврат на капитал. Во четвртиот квартал НЛБ Банка по единаесетти пат беше прогласена за „Банка на годината за 2022" од реномираниот интернационален финансиски магазин, The Banker, со што уште еднаш ја потврди својата позиција на најнаградувана банка во Р.С.Македонија.

Како потврда за досегашното ефикасно работење на НЛБ Банка АД Скопје се и трите признанија кои ги доби Банката од Visa како Банка која покажува извонредни резултати, не само во Р.С.Македонија, туку и во цела југоисточна Европа. Овие признанија зборуваат за големината на партнерствата кои ги гради Банката, посветеноста на бизнисот и клиентите и поддршката која ја дава на заедницата во која делува.

Банката е системски значајна банка врз основа на Одлуката за методологија за идентификување системски значајни банки на Народната банка на Р.С.Македонија со силна пазарна позиција и висок пазарен удел во банкарскиот сектор на Република С.Македонија.

### Биланс на состојба

Заклучно со 31.12.2022 година **билансната сума** изнесува 112.698.023 илјади МКД, односно се зголеми за 4.988.544 илјади МКД или 4,6% во однос на 31.12.2021 година.

**Паричните средства и паричните еквиваленти** изнесуваат 20.857.276 илјади МКД и бележат зголемување од 5,8% во однос на 31.12.2021 година.

**Кредитите и побарувањата од банки** бележат зголемување од 188 илјади МКД во однос на 31.12.2021 година.

Вкупните **Кредити кај небанкарскиот сектор** изнесуваат 71.047.337 илјади МКД и бележат зголемување од 8,3% во однос на 31.12.2021 година. Кредитирањето во секторот домаќинства е зголемено за 9,4% во текот на 2022 година што се должи на порастот кај потрошувачките и станбените кредити, додека кредитирањето на нефинансиски правни лица е зголемено за 5,3%.

**Вложувања во хартии од вредност** изнесуваат 16.397.576 илјади МКД и се намалени за 10,6% во однос на 31.12.2021 година поради доспевање на домашни и странски државни записи и обврзници.

**Преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања** во однос на 31.12.2021 година се зголемени за 18,5%.

**Вкупните депозити (депозити на комитенти и депозити на банки)** изнесуваат 90.498.439 илјади МКД и во однос на 31.12.2021 година се зголемени за 3.909.271 илјади МКД или за 4,5%. Зголемувањето се должи на зголемување на тековните сметки кај домаќинствата.

**Обврски по кредити** се зголемени за 576.599 илјади МКД заради повисокиот износ на долгорочни кредити од кредитна линија од домашна банка (РБСМ).

**Акционерскиот капитал и резервите на Банката** се зголемени 10,7% и изнесуваат 15.571.017 илјади МКД.

## Биланс на успех

**Нето каматните приходи**, заклучно со 31.12.2022 година се повисоки за 7,0% споредено со претходната година, при што **приходите од камати** се повисоки за 5,5%, главно поради повисоки каматни приходи од секторите нефинансиски правни лица, банки и домаќинства додека **расходите за камати** се пониски за 9,3% главно поради пониски каматни стапки и преструктурирање на изворите во корист на депозити по видување и тековни сметки при пораст на каматните расходи по основ на субординирани обврски.

**Нето приходите од провизии** се повисоки за 4,8% споредено со претходната година, при што **приходите од провизии** се зголемени за 11,2% како резултат на зголемени приходи од реализирани трансакции на ПОС терминали и картично порамнување, повисоки приходи од услуги во платен промет во земјата и странство и повисоки приходи од водење трансакциски сметки. **Расходите за провизии** се зголемени за 20,1%, главно поради повисоки расходи од картично работење кон меѓународните картични системи, а во помала мера поради зголемување на расходите од кеш центарот и услугите во платен промет во земјата и со странство.

**Останатите некаматни приходи** изнесуваат 750.992 илјади МКД и се намалени во однос на претходната година, главно поради пониски наплати на претходно отпишани побарувања кај нефинансиски правни лица.

**Вкупните приходи од работење** изнесуваат 5.227.741 илјади МКД и се повисоки за 1,2% во однос на претходната година.

**Вкупните оперативни трошоци** изнесуваат 2.285.726 илјади МКД и се зголемени за 8,9% при што трошоците за вработени се повисоки за 9,4%, трошоците за амортизација

се повисоки за 13,7%, останатите расходи од дејност се повисоки за 7,2% во однос на претходната година.

Заклучно со 31.12.2022 година, се пресметани **Исправки на вредноста на финансиските средства и вонбилансна изложеност**, на нето основа во износ од 295.201 илјади МКД.

**Бруто добивката** на Банката заклучно со 31.12.2022 година изнесува 2.680.320 илјади МКД и е зголемена за 9,6% во однос на претходната година.

**Нето добивката** на Банката заклучно со 31.12.2022 година изнесува 2.433.910 илјади МКД и е зголемена за 9,7% во однос на претходна година.

## Очекувања за претстојниот период

Во претстојниот период се очекува да се одржи макроекономската стабилност на државата, при неизвесен деловен амбиент за реалниот сектор поврзан со последиците од глобалната криза, нарушувањата на каналите на снабдување, пазарите на енергија и инфлаторните притисоци.

НЛБ Банка АД Скопје и понатаму делува во насока на поддршка на приватниот сектор во земјата со што има значаен придонес во макроекономскиот и финансискиот амбиент на државата.

Во фокусот на работењето на НЛБ Банка АД Скопје ќе бидат дигитализацијата и зголемувањето на дигиталната пенетрација на клиентите преку унапредување на капацитетите на дигиталните канали со што ќе се обезбеди повисоко ниво на достапност на Банката и подобро искуство на клиентите како и поддршка на клиентите преку зајакнување на улогата на контакт-центарот. Дополнителен фокус е ставен и на проширување на палетата на производи и услуги преку продажбата на различни банкарски производи и зголемување на квалитетот на услугите со што се очекуваат уште подобри резултати во клучните сегменти од работењето на Банката.

Банката во континуитет обезбедува поддршка на стопанството преку проширување на понудата за стартап - компаниите, учество во раните фази од процесот на создавање на стартап-компаниите, како и нивна дигитализација.

Дополнително, препознавајќи ги ризиците од климатските промени, Банката заведе проактивен став преку дадениот акцент на „зелените кредити“ – кредитирање во области за производство на електрична енергија од обновливи извори, намалување на загадувањето и подобрување на животната средина.

Човечките ресурси во Банката како главен столб на квалитетното работење, како и на развојот на информативниот систем и понатаму ќе бидат стратешки цели на Банката.

## Известување за промени во сметководствените политики и методи

Во анализираниот период, нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување.

## Исплатени дивиденди

НЛБ Банка АД Скопје во Јуни 2022 година изврши исплата на дивиденда согласно Одлука за распределба на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2021 година. Вкупниот износ на дивиденда кој им се исплаќа на акционерите изнесува 630.297 илјади МКД. Износот на бруто дивиденда по акција изнесува 738,00 МКД.

**Вложувања или продажба на материјални средства (недвижности, постојки и опрема) или значителен отпис (поголем од 30% од вредноста на средството споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи).**

Недвижностите и опремата заклучно со 31.12.2022 година бележат намалување од 3,0% споредено со 31.12.2021 година.

**Промени во кредитните задолжувања (намалувања или зголемување поголеми од 30% споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи).**
/

Скопје, 27.01.2023 година НЛБ Банка АД Скопје